# З а п и с н и к

## Од 18-та редовна  седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 18-та редовна  седница  на ден 30.01.2019 година (Среда) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика  и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не  присуствуваше Атанас Ристов и неоправдано отсутна беше Виолета Ристова.

На седницата присуствуваа Марјан Јанев градоначалник на општина Василево Бранко Андонов, и Соња Иванова претставници од општинската аддминистрација и Васе Костадинов претставник од ЈКП,, Турија“ Василево

По отворената расправа по записникот од седамнаесетата седница на Совет на општина Василево одржана на ден 29.12.2018 година немаше забелешки, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,,  и ,, воздржани,, нема.

За работа на 18-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. **Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2018 година за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година К1.**
2. **Квартален извештај за доспеаните а ненамирени обврски на општина Василево за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година К2.**
3. **Квартален извештај за промените на состојбата задолжување на општина Василево за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година К3.**
4. **Предлог-Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Василево за 2019 година.**
5. **Предлог-Одлука за вршење отпис на застарени даночни обврски по основ на комунална такса на обврзници на подрачјето на Општина Василево.**
6. **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструкура воопшто нема  да се предвиди и вклопување на бесправниот објект-помошен објект на к.п.бр.2274 во КО Сушево**
7. **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот**

**опфат и вклопување на бесправниот објект - индивидуална станбена зграда и помошен објект на К.П.бр.1909/1 во КО Пиперево.**

8. **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект - индивидуална станбена зграда на К.П.бр.1909/1 во КО Пиперево.**
9. **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект - викендица на К.П.бр.1572 во КО Сушево.**
10. **Финансиски извештај на ЈПКД „Турија“ за Четврто Полугодие за 2018 година од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година.**
11. **Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД „Турија” Василево за утврдување на висината на паричниот надоместокза промена на оштетен водомер.**
12. **Донесување на Одлука по барање за финансиска помош поднесено од Мицева Милка од с. Василево бр. 80.**
13. **Донесување на Одлука по барање за финансиски средства за доградба на џамија во с.Пиперево поднесено од Алиманов Џенгис од с. Пиперево бр. 105.**
14. **Донесување на Одлука по барање за финансиски средства за реконструкција на објект за трпезарија во црква св.Петка во с.Требичино поднесено од Црковен одбор од с.Требичино.**

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 18- та седница на Советот на општина Василево за збор се јави Христина Гошева член на Советот на општина Василево предлага надополнување на дневниот ред: како 15 точка од дневниот ред да биде: Предлог – Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за плати на државните службеници за 2019 година.

Фанче Томова предлага како 16 точка од дневниот ред да биде: Предлог – Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.М на подрачјето на општина Василево за 2019 година.

Тони Малчев предлага како 17 точка од дневниот ред да биде: Извештај за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2018 година.

Блаже Коцев предлага како 18 точка од дневниот ред да биде:Предлог-Годишна програма за работа на Советот на општина Василево во 2019 година.

Сања Христова предлага како дополнителна 19 точка од дневниот ред да биде: Професионален однос на локалната влас кон своите вработени во општина Василево.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Христина Гошева како 15 точка од дневниот ред да биде Предлог – Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за плати на државните службеници за 2019 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Предлогот на Фанче Томова како 16 точка од дневниот ред да биде: Предлог – Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.М на подрачјето на општина Василево за 2019 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

Предлогот на Тони Малчев како 17 точка од дневниот ред да биде: Извештај за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2018 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Предлогот на Блаже Коцев: како 18 точка од дневниот ред да биде: Предлог- Годишна програма за работа на Советот на општина Василево во 2019 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Предлогот на Сања Христова како дополнителна 19 точка од дневниот ред да биде: Професионален однос на локалната влас кон своите вработени во општина Василево беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници гласаа 6 гласа ,, за,, ,, против,, 7 и ,, воздржани,, нема, предлогот на Сања Христова не беше усвоен.

Дневниот ред за работа на 18-та седница на Советот на општина Василево со усвоените надополнувања

- како 15 точка од дневниот ред да биде: Предлог – Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за плати на државните службеници за 2019 година,
- како 16 точка во дневниот ред да биде: Предлог – Програма за работа од областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.М на подрачјето на општина Василево за 2019 година,
- како 17 точка од дневниот ред да биде: Извештај за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2018 година
- и како 18 точка од дневниот ред биде: Предлог- Годишна програма за работа на Советот на општина Василево во 2019 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 7 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 1.

Процедурално за збор се јави Блаже Коцев за неприсуствување на седница на Совет на советничката Виолета Ристова која е член на Советот од советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ колку што знае цела година нема присуствувано на седница на Совет а надоместок и се наплаќа, смета дека доколку несака да присуствува на седница треба да биде повикана.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека единствено што се нема јавено е за оваа седница досега се јавуваше и поради здравствени причини оправдано беше евидентирана за тоа ќе биде проверено доколку има отсуствувано трипати неоправдано отсутна на три седници на Совет ќе се покрене Барање за повикување на наредниот советник од листата која што доага.

Бранко Андонов претставник од општинската аддминистрација рече дека постапката ја покренува претседателот на Советот кој што покренува инијацетива до Општинската изборна комисија дека членот на Советот Виолета Ристова повеќе од три пати била неоправдано отсутна на седница на Совет и тогаш од листата на која што припаѓа се покренува Барање за повикување. Секое неоправдано неприсуство е казниво, прво треба да се пристапи кон не исплаќање на три седници на Совет а во случајот на советничката Виолета Ристова и се исплатени сите надоместоци што значи има отсуствувано оправдано. Бидејки досега има исплатено се можно е да се жали таа е советник на листа прво треба да и биде скратен надоместокот па да се покрене постапката, бидејќи е член на Советот од советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ тие треба да преземат понатамошен став.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека за тоа ќе биде разгледано и ке биде известена советничката група на ВМРО-ДПМНЕ за да покрене постапка за повикување на советничката Виолета Ристова.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2018 година за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година К1. За збор се јави Сања Христова член на Советот на општина Василево од советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ побара образложение за кварталниот извештај К1, К2, и К3 за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година.

Сонја Иванова претставник од општинската аддминистрација даде кратко бразложение за Кварталните извештаи за работата на општина Василево, К1, К2 и К3 , за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година Согласно извештаите, од планираните 201 003 693 денари вклучувајќи го и Буџетот на единките корисници ООУ „Гоце Делчев“, Василево, ООУ „Атанас Нивичански“, Нова Маала, и ЈОУДГ„Прва радост“, Василево на крајот од пресметковниот период реализирани се вкупно 121 836 234 денари или во проценти 60,62%. Реализацијата кај основниот буџет изнесува околу 39% односно од планирани 112 000 000 денари реализирани се 43 212 446 денари, во К2 за периодот 01.01.2018 до 31.12.2018 година долгот на општината изнесува 54.470.815 денари .Кај блок дотациите реализацијата е 96,68 %, кај самофинансирачките активности 60,04 %, кај донациите 47,18% и кај кредитите 99,11 %. И во К3 дадени се задолжувањата на општина Василево јавните претпријатија основани од општината тука се дадени кредитите за водоводната мрежа во Чанаклија, и кредитот за изградба на улици во Нова Маала и реконструкција на улица во Пиперево.

Сања Христова член на Советот на општина Василево од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ рече дека од матреалите кои се доставени се гледа дека реализацијата на

основниот Буџет во општина Василево изнесува 38,59 според неа катастрофална реализација за кој градоначалникот кажа на почетокот од неговиот мандат дека има реален, ненабилдан и остварлив Буџет според неа тоа се празни муабети нема ништо сработено во општина Василево. Од табелите за доспеани а неподмирени обврски во последниот квартал Октомври, Ноември и Декември се гледа дека вредностите се зголемуват, долгот на општината наместо да се намали се зголемува.

По затворената расправа Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2018 година за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година К1. беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 7 гласа„ за„ „ против„ 5 и „ воздржани„ 1.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред **Квартален извештај за доспеаните а ненамирени обврски на општина Василево за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година К2.** беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ 5 и „ воздржани„ нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: **Квартален извештај за промените на состојбата задолжување на општина Василево за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година К3.** Никој не се јави за збор беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ 5 и „ воздржани„ нема.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: **Предлог-Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Василево за 2019 година,** никој не се јави за збор беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 5.

5.

По отворената расправа по петата точка: **Предлог-Одлука за вршење отпис на застарени даночни обврски по основ на комунална такса на обврзници на подрачјето на Општина Василево,** никој не се јави за збор беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 5.

6.

По отворената расправа по шестата точка: **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструкура воопшто нема да се предвиди и вклопување на бесправниот објект-помошен објект на к.п.бр.2274 во КО Сушево,** никој не се јави за збор беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, „ против,, нема и „ воздржани,, 5.

7.

По отворената расправа по седмата точка: **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект - индивидуална станбена зграда и помошен објект на К.П.бр.1909/1 во КО Пиперево,** никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

8.

По отворената расправа по осмата точка: **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект - индивидуална станбена зграда на К.П.бр.1909/1 во КО Пиперево.** никој не се јави за збор**,** никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

9.

По отворената расправа по деветата точка: **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект - викендица на К.П.бр.1572 во КО Сушево,** за збор се јави Марјан Трајков член на Советот на општина Василево праша дали при поднесување на Барањето општина Василево излегува на терен да ја види фактичката состојба на теренот и објектот пред да биде доставено на седница на Совет.

Бранко Андонов претставник од општинската аддминистрација рече дека сите точки кој досега идат на седница на Совет се со поднесени елаборати до општина Василево и комисијата која оди на лице место фотографира и согласно Законот за градежно земјиште доколку е надвор од градежниот опфат доколку зафака дел од улица се оди на Совет. Конкретно во случајот се работи за објект покрај улицата која е веќе изградена во село Сушево и не претставува проблем за минување на трасата затоа се носи оваа Одлука за да се легализира

Додека во другиот случај се работи за викендица на рибникот во село Сушево покрај течението на реката.

Марјан Трајков член на Советот бидејки знае каде се наоѓа викендицата во Сушево доколку Советот даде согласност при обилни врнежи реката може да поплави потоа подносителот може да бара оштета од општината. Смета дека Советниците треба добро да внимават нетреба да се дозволува изградба на објекти покрај речни корита.

Бранко Андонов претставник од општинската аддминистрација рече дека постапката на измена на законот е дека сите легализират објекти покрај речни корита и во близина на брани се однесува за големи брани и големи населени места подносителот за легализација пред да издаде градоначалникот решение дава изјава на нотар доколку настане елементарна непогода поплава или одрони дека нема да бара обезштетување од општината со тоа се заштитени и советниците и градоначалникот и локалната самоуправа како заедница.

По затворената расправа: **Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект - викендица на К.П.бр.1572 во КО Сушево** беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5.

10.

По отворената расправа по десетата точка од дневниот ред: **Финансиски извештај на ЈПКД „Турија“ за Четврто Полугодие за 2018 година од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година.** никој не се јави за збор, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

11.

По отворената расправа по единаесетата точка од дневниот ред: **Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈПКД „Турија” Василево за утврдување на висината на паричниот надоместок за промена на оштетен водомер,** никој не се јави за збор, **Сушево** беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, 5 и ,, воздржани,, нема.

12.

По отворената расправа по дванаесетата точка од дневниот ред: **Донесување на Одлука по барање за финансиска помош поднесено од Мицева Милка од с. Василево бр. 80.** За збор се јави Блаже Коцев член на Советот на општина Василево предлага да се доделат финансиски средства во висина од 4.000 денари.

Наце Коцев член на Советот на општина Василево рече дека има побарано извештај за сите Барања исплатени за финансиска помош има добиено одговор досега има исплатено за 20 барања. Според него смета дека исплатата се врши според партиската припаднос. Едно од неисплатените Барања усвоено од 30.000 е од село Пиперево, се работи за деца без родители, зимата помина средствата сеуште не се исплатени.

Марјан Јанев градоначалник на општина Василево рече дека лично не гипознава ниту ги дели по партиска основа смета дека советникот Наце Коцев треба да побара образложение зошто средствата сеуште не се исплатени. Наце Коцев како советник може

да дојде кога сака да го извести него како граадоначалник за да може што побрзо да им бидат исплатени средствата.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека Советникот Наце Коцев само побара извештај а нема кажано конкретно за Барањето кое треба да се исплати.

Марјан Трајков член на Советот рече дека за тоа се води евиденција, Советот има одобрено средства и доколку има средства ќе им биде исплатено, причината е тоа што нема доволно средства,смета дека досега на сите подеднакво има доделено средства.

Марјан Трајков по барање за финансиска помош поднесено од Мицева Милка од с. Василево бр. 80. предлага да с доделат средства во висина од 5000 денара**.**

Сања Христова побара образложение зошто не се одржа Комисијата са финансирање Буџет и локален економски развој.

Крсто Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека комисијата не се состана од оправдани причини бидејќи претседателот на Комисијата оправдано беше отсутен и секогаш има по два члена отсутни и од тие причини се одлучи сите точки директно да одат на седница на Совет.

Марјан Трајков рече и да е отсутен претседателот има други членови во иднина мора точките да се разгледат на комисиите.

Предлогот на Блаже Коцев да се доделат финансиски средства 4000 денари по барање за финансиска помош поднесено од Мицева Милка од с. Василево бр. 80**.** беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници гласаа 13 гласа „против „ за „ и „ воздржани„ нема. Предлогот на Блаже Коцев не е усвоен.

Предлогот на Марјан Трајков да се доделат средства во висина од 5000 денара по барање за финансиска помош поднесено од Мицева Милка од с. Василево бр. 80, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Дванаесетата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по барање за финансиска помош поднесено од Мицева Милка од с. Василево бр. 80. Со усвоениот предлог на Марјан Трајков да се доделат средства во висина од 5000 денара, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

13.

По отворената расправа по тринанесетата точка од дневниот ред: **Донесување на Одлука по барање за финансиски средства за доградба на џамија во с.Пиперево поднесено од Алиманов Џенгис од с. Пиперево бр. 105.** за збор се јави Илми Мустафов предлага да се доделат средства во висина од 9000 денара.

Марјан Трајков има забелешка во Барањето кое е доставено рече дека барањето е само подпишано од Алиманов Џенгис а не е претставен дали е член на тој Управен Одбор ниту дали е одговорен. Побара во иднина кога се поднесува Барање да се знае исто како што е барањето во моментот од Требичино да се наведе кој е подносителот на оваа Барање.

Илми Мустафов рече дека тој лично бил присутен на состанокот потребен е ламинат за една просторија. Имат собирано средства од селото но недостасуват средсва од 150

евра. Алиманов Џенгис  моментално е оџа  и тој е одговорен кај муслиманската вероисповест и неговиот потпис е веродостоен.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Илми Мустафов да се доделат средства во висина од 9000 денара по барање за финансиски средства за доградба на џамија во с.Пиперево поднесено од Алиманов Џенгис од с. Пиперево бр. 105, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, нема  и ,, воздржани,, 1.

Тринанесетата точка од дневниот ред:  Донесување на Одлука по барање за финансиски средства за доградба на џамија во с.Пиперево поднесено од Алиманов Џенгис од с. Пиперево бр. 105.со усвоениот предлог на Илми Мустафов Мустафов да се доделат средства во висина од 9000 денара по барање за финансиски средства за доградба на џамија во с.Пиперево поднесено од Алиманов Џенгис од с. Пиперево бр. 105, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со  12 гласа,, за,, ,, против,, нема  и ,, воздржани,, 1.

14.

По отворената расправа по четарнаесетата точка од дневниот ред:  Донесување на Одлука по барање за финансиски средства за реконструкција на објект за трпезарија во црква св.Петка во с.Требичино поднесено од Црковен одбор од с.Требичино.да се доделат средства во висина од 30.000

Марјан Трајков рече дека лично има присуствувано во Црквата во Трибичино потребно е реновирање смета дека потребни се повеќе средства негов предлог е да се доделат средства во висина од 50.000 денари

Предлогот од Црковен одбор од с.Требичино.да се доделат средства во висина од 30.000 по барање за финансиски средства за реконструкција на објект за трпезарија во црква св.Петка во с.Требичино беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со  12 гласа,, за,, ,, против,,  и ,, воздржани,, нема.

15.

По отворената расправа по петнаесетата точка од дневниот ред:  Предлог – Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за плати на државните службеници за 2019 година, никој не се јави за збор, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со  13 гласа,, за,, ,, против,,  и ,, воздржани,, нема.

16.

По отворената расправа по шеснаесетата точка од дневниот ред:  Предлог – Програма за работа од областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.М на подрачјето на општина Василево за 2019 година, никој не се јави за збор,  беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 5

17.

По отворената расправа по седамнасетата точка:Извештај за реализација на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Василево за 2018 година , никој не се јави за збор, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4

18.

По отворената расправа по осумнасетата точка: Предлог- Годишна програма за работа на Советот на општина Василево во 2019 година за збор се јави Сања Христова член на Советот на општина Василево бидејќи беше дополнително доставена ова точка со тоа сака да се надоврза за точката која беше одбиена па би сакала да го искористи присуството на градоначалникот на крајот да даде отчет за кварталниот извештај и да искористи негово присуство да даде образложение за професионалниот однос како градоначалник кон своите вработени и неговото годишно владеење сака да праша кој е човекот да дозволува да дава наредби на вработените без да согледува временските услови без разлика дали се мажи или жени да ги праќа вработените на теренски работи низ општина Василево да разнесуват решенија. Доколку се сеќава минатиот петок и на обилни врнежи градоначалникот има издадено наредбана вработени да работат и при врнежливо време сака да го праша како градоначалник како се чувствува бидејќи неговата функција е јавна.

Марјан Јанев градоначалник на општина Василево во однос на прашањето кое беше поставено од советничката Сања Христова во однос на прашањето за вработените во општина Василево рече дека било каква наредба да има издадено секоја наредба што ја дава ја дава врз основа на работните задачи на основа на систематизацијата одобрени од одредени Министерства. Во однос на временските услови градоначалникот рече која разлика се прави меѓу вработените од ЈКП ,, Турија ,,, било да е снег дож или ветер секогаш по потреба при одредени дефеци на водоводи дефек на канализација вработените излегуват на терен. Во текот на овој месец имаше три обилни врнежи од снег вработените од ЈКП ,, Турија ,, Василево работеа непрекинато 24 часа па ја праша советничката Сања Христова која е разликата од вработените на општинската аддминистрација и вработените во ЈКП. Во однос на прашањето за временските услови рече дека има одредени решенија што треба да се достават во одреден законски рок а во текот на зимата и пролета секојдневно има врнежи од дож според излагањето на советничката Сања Христова како што кажува таа овие решениа не треба да бидат разнесени треба да се чека да се подобрат временските услови,. Градоначалникот Марјан Јанев рече дека секој вработен работи според работните задачи и доколку не му се допаѓа на некој може слободно да напушти. Смета дека временските услови не треба да бидат причина за извршување на одредени задачи. Во однос на реализацијата на кварталниот извештај градоначалникот на општината, Марјан Јанев, кој нагласи дека одредени работи во реализацијата на Буџетот не зависат само од општината туку и од други институции. Во

делот на реализација на основниот Буџет за улици, патишта, канализации што беа планирани да се изградат со средства од локалната самоуправа, беа реализирани во целост. Меѓутоа средствата што беа предвидени од одредени министерства, агенции и Влада не се реализирани од причина што тие покасно ги објавија јавните повици, на кои околу 90 % имаме позитивен одговор, но истите ќе бидат реализирани во текот на оваа година"„Како друга причина за ваквата реализација е тоа што во минатогодишниот Буџет имаше предвидено капитални приходи од продажба на државно градежно земјиште во износ од околу 42 000 000 денари. Причината за нереализираноста на овие средства, ја посочи во неможноста општина Василево сама да располага со државното градежно земјиште, поради тоа што сеуште од страна на Министерството за транспорт и врски на општината не и е префрлена надлежноста за располагање и продажба на државно градежно земјиште.

По затворената расправа осумнасетата точка:Предлог- Годишна програма за работа на Советот на општина Василево во 2019 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 5

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 18- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

**Совет на општина Василево**
**Претседател,**
**Крсте Панев**